Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА
ЖИВОТНА СРЕДИНА И
ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# НАЦИОНАЛЕН ИНВЕНТАР НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ

## 2020–2022





ЕНЕРГЕТИКА | ИНДУСТРИСКИ ПРОЦЕСИ И УПОТРЕБА НА ПРОИЗВОДИ | ЗЕМЈОДЕЛСТВО | ШУМАРСТВО И ДРУГА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО | ОТПАД

Овој документ е изработен во рамки на проектот „Развој на Првиот двогодишен извештај за транспарентност на Северна Македонија и комбинираниот Втор двогодишен извештај за транспарентност и Петтата национална комуникација за климатските промени согласно UNFCCC (BTR1 и BTR2/NC5)“. Документот е подготвен со финансиска поддршка од  Глобалниот фонд за животна средина (GEF) и е спроведен од Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP).

Национално контакт лице за UNFCCC
**д-р Теодора Обрадовиќ Грнчаровска**

Раководител на проектот
**м-р Јоже Јовановски, дипл. инж. за заштита на животна средина**

Главен технички советник
**проф. д-р Константин Димитров**

## ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА ИНВЕНТАРОТ НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ

Тим на МАНУ
**акад. Љупчо Коцарев**
**д-р Александар Дединец, виш научен соработник**
**д-р Верица Тасеска-Ѓоргиевска, виш научен соработник**
**проф. д-р Александра Дединец**
**м-р Татјана Џамбазова**
**м-р Емилија Михајлоска**
**дипл. ел. инж. Дејан Димитриев**
**дипл. маш. инж. Онур Амет**

Универзитет „Гоце Делчев“ – Факултет за природни и технички науки
**проф. д-р Дејан Мираковски**
**проф. д-р Афродита Зенделска**
**проф. д-р Соња Лепиткова**
**проф. д-р Марија Хаџи-Николова**
**м-р Ана Михаиловска**

Универзитет „Гоце Делчев“ – Земјоделски факултет
**проф. д-р Љупчо Михајлов**
**проф. д-р Димитар Наков**

УКИМ – Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
**проф. д-р Љупчо Несторовски**
**проф. д-р Никола Николов**

# Предговор

Националниот инвентар на стакленички гасови претставува основна алатка за разбирање, планирање и следење на климатските политики во државата. Тој обезбедува целосна слика за тоа колку и кои стакленички гасови се испуштаат или апсорбираат во државата, од каде потекнуваат емисиите, како се менувале низ времето, и кои се клучните сектори и фактори што влијаат на тие трендови. Овие информации се користат за развој на мерки за ублажување на климатските промени, за планирање на енергетски и индустриски трансформации, за подобрено управување со земјоделството, шумите и отпадот, како и за исполнување на меѓународните обврски, вклучувајќи го Парискиот договор. Инвентарот на стакленички гасови на Република Северна Македонија ги опфаќа емисиите и понорите во периодот 1990–2022.

При подготовката на овој извештај беше вложен дополнителен напор резултатите и методологијата да бидат презентирани на начин кој е разбирлив не само за експертите директно вклучени во процесот на подготовка на инвентарите и за рецензентите во рамките на UNFCCC процесот, туку и за пошироката јавност. Целта беше извештајот да претставува корисен извор на информации за сите заинтересирани читатели, истражувачи, студенти, креатори на политики, претставници на институциите, како и за граѓаните кои сакаат подобро да се запознаат со начинот на кој се проценуваат и следат емисиите на стакленички гасови во државата. На тој начин се настојуваше да се надмине перцепцијата дека инвентарот претставува исклучиво технички документ за меѓународно известување, и тој да се претстави како поширок извор на знаење и информации за разбирање на климатските предизвици и можностите за нивно надминување.

# Благодарност

Искажуваме искрена благодарност до сите институции и поединци кои на било кој начин дадоа придонес во изработката, унапредувањето и финализирањето на Националниот инвентар на стакленички гасови. Вашата посветеност, стручност и навремена поддршка беа од клучно значење за успешно исполнување на оваа национална обврска. Особена благодарност упатуваме до сите учесници на двете работилници организирани за потребите на инвентарот, како и до институциите и експертите со кои беа одржани состаноци, дискусии и консултации за подобрување на квалитетот на податоците и методологијата.

На работилниците активно учествуваа претставници од сите клучни сектори: околу 12 владини министерства и агенции, 8 академски и истражувачки институции, 8 меѓународни организации, 6 енергетски компании и комунални претпријатија, 6 невладини и граѓански организации, 5 приватни компании и консултантски фирми, како и претставници од локалната самоуправа и други специјализирани институции. Широката застапеност овозможи силна меѓусекторска соработка и технички дијалог во поддршка на активностите за инвентарот на стакленички гасови.

Секој вложен напор, секоја размена на информација и секоја професионална дискусија помогнаа да се обезбеди повисок квалитет, доверливост и одржливост на системот за известување. Ви благодариме за соработката, посветеноста и поддршката за документ кој е од посебно значење за државата.